Servisea

Годишно обраќање на Сервисеа за 2021

Почитувани клиенти и партнери на Сервисеа,

Во минатото годишно обраќање рековме дека 2021 ќе биде одлучувачка година која ќе ја потврди или отфрли идејата дека постоењето на фирма како Сервисеа е потребна на нашите граѓани и фирми. Со големо задоволство може да изјавиме дека одговорот е позитивен и дека нашите клиенти и партнери со своите дела и зборови повеќе од јасно ни дадоа до знаење дека нашето постоење на пазарот е потребно и оправдано.

Во годината која истекува за нашите клиенти сработивме околу 100 проекти. Некои беа сложени административни и правни заплетки кои бараа време и огромен напор, а некои беа едноставни и се состоеја од давање инструкции на нашите клиенти како да постапат понатаму во постапката сами. За сите одработени предмети, едно беше заедничко: сите наши клиенти беа едногласно сложни дека брзината на извршување на постапката и ефективноста со која Сервисеа ја завршила истата, се исплателе многу повеќе отколку кога би избрале било кој друг начин за довршување на предметот.

Особено нé радува тоа што во 2021 нашите услуги беа барани не само од жители на Охридско- Струшкиот регион, туку и од граѓани од целата држава и странство. Работевме бројни процеси за приватизација на земјиште, ги решававме Вашите оставински и други наследно правни постапки, Ви помагавме при купопродажби на Вашиот имот и земјиште, имотно-правни постапки, судски постапки, Ви помагавме при добивање дозволи за градба, упис на недвижности, откуп на државно земјиште, заштита на лични податоци, решавање на прекршочни постапки, постапки пред ПИОМ, МВР, составувавме молби, жалби, договори, а во една прилика дури помогнавме и при изготвување на CV, докажувајќи уште еднаш дека опсегот на услуги кои ги нудиме е навистина неисцрпен.

Servisea

Во 2021 во сé поголем дел од предметите на Сервисеа како клиент се јавуваа и правни лица. На наши клиенти помогнавме при основање на трговски друштва, вршевме промени на Статути и Деловници на фирми во согласност со Законот за Заштита на лични податоци, правно покривавме промени на статутарни членови, правно советувавме фирми и ги регулиравме нивните работните односи, помагавме во добивање дозволи за градба, вршевме регистрација на патент, заштита на индустриски дизајн и на трговска марка, составувавме договори, опомени, жалби и многу други административно-правни процеси.

Радува и фактот што ја раширивме и мрежата на наши партнери- соработници, без чија помош Сервисеа не би можела да е ефективна и брза во решавањето на проблемите на нашите клиенти. Соработувавме со ред адвокати, нотари, сметководители, геодети, архитекти, агенции за патенти, вешти лица и проценители од разни области на нашето работење, агенции за недвижности, градежни фирми, но и бројни државни институции како во Македонија, така и во странство. За таа соработка со сите наши партнери во 2021 Сервисеа е искрено благодарна.

Како последна, но и можеби најсветла точка во освртот за 2021, би ја издвоиле спонтаната хуманитарна акција организирана од страна на нашата основачка Мартина за семејство од Куманово. Оваа акција, иако мала по обем, потполно го отцртува духот во кој би сакале да се развиваме како фирма. Карактерот на Сервисеа е комерцијален, но во рамки на нашите можности секогаш ќе се трудиме да помогнеме и на оние на кои помошта им е најмногу потребна, а не можат да си ја дозволат.

Во 2022 мисијата на Сервисеа останува непроменета. Остануваме тука за нашите постоечки и нови клиенти, со нашето работење и знаење да го решиме било кое Ваше прашање или проблем од правен или административен карактер. Траекторијата на раст на Сервисеа е надежна. Со оглед на зголемениот обем на работа, но и со проширувањето на географскиот домет на Сервисеа, се надеваме дека 2022 ќе е година на понатамошно финансиско зацврстување на фирмата, но и година во која ќе почнеме со разгледување на можностите за проширување во други македонски градови.

Servisea

Што се однесува до онлајн присуството во 2022, имаме неколку амбициозни планови со цел подобро да се презентираме, но и да ја едуцираме поширокатa јавност. Како и досега, обновување на сегментот Корисни Текстови на нашата веб страница www.servisea.mk ќе остане наша примарна задача и ќе биде обновуван со текстови кои би можеле да се корисни за нашите клиенти и за случајните посетители на страната кои сé уште не сме ја имале честа да ги запознаеме.

Во разработка се уште многу планови за иднината на Сервисеа. Бидејќи сме фирма која се гордее на односот со своите клиенти и партнери, ќе ни претставува огромна чест и задоволство да ве известуваме за секај наш позначаен чекор во следната 2022 и понатаму.

На сите наши клиенти и партнери би сакале да Ви заблагодариме за Вашата поддршка во 2021. Сервисеа ќе е тука за Вас и во 2022 и сé додека сме тука ќе останеме отворени за соработка, сугестија, пофални зборови и критики. Ви посакуваме добро здравје и многу успеси во 2022 година.

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО